# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР
## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 јануари 2013*

## Големиот налог

Адвентистите тврдат дека се Црква на остатокот која ги извршува Божјите заповеди и ја има верата Исусова (Откровение 12,17). Ова е смела изјава која значи многу повеќе од почитувањето на саботата. Таа мора да значи дека сме послушни на Големиот налог. Невозможно е да се биде црква на Остатокот, да се почитуваат Божјите заповеди, а да не се извршува најважната заповед, односно Големиот налог.

Откако објавил дека единствено Тој ја поседува сета власт, Исус го дал божествениот налог: „Одете и научете ги сите народи" (Матеј 28,19). Оваа заповед е неверојатна. На кој начин една мала група од 11 сиромашни, полуверни и сомничави луѓе можела да се надева дека ќе може да оствари еден таков величествен план - од сите народи да направи Исусови ученици? Тоа можеле да го направат единствено преку силата на Семоќниот Исус.

Оваа заповед ги збунила првите ученици. На кој начин можеле да направат ученици меѓу сите народи? Во денешно време, по 2000 години, оваа задача на Црквата изгледа уште поголема! Но заповедта содржана во овој текст е нераскинливо поврзана со Семоќниот Исус. Таа може да се оствари единствено со Негова сила. Бидејќи Исус е врховен владетел на вселената, учениците можеле смело да излезат во светот и да ја објават веста за воскреснатиот Исус, со цел од сите народи да направат Негови ученици.

Темелите на оваа задача се длабоко вкоренети во божествената природа на Исуса Христа како апсолутен Господар на Небото и земјата. Причината за христијанското дејствување меѓу народите може да се сфати само тогаш кога го имаме на ум воскреснатиот Господ кој ја победил смртта. Со оваа задача е поврзана мислата, која е вистинита, дека истиот Исус ќе ни осигури сила и средства за остварување на задачата што им ја доверил на учениците. Затоа, како последен дел на налогот, Тој објавува дека ќе биде со нив до свршетокот на векот (20 стих). Ветувањето дека ќе биде со нив е даде-

но заради народите кои треба да се придобијат. Тој не тврди дека ќе биде со нив без оглед на сите околности, туку дека ќе биде со нив во извршувањето на оваа задача. Авторот Брунер забележува:

„Во непосреден контекст, Исусовото ветување дека ќе биде со учениците им е упатено само на оние кои треба другите да ги направат ученици. Не би било чесно кон големиот налог, запишан во евангелието според Матеј, да се каже дека Исусовото посебно ветување за својата присутност им било дадено на сите кои се нарекуваат христијани. Тоа не било дадено „без оглед на околностите", туку е дадено условно на мисионски настроените христијани".

Учениците не требало да појдат во светот туку така. Тие требало да одат затоа што Христос ја има власта над сите народи. Затоа во извршувањето на оваа задача не треба да се оди без присутноста на Оној кој ја поседува целата власт. Во Големиот налог е содржано ветувањето за Духот, кој целосно се излеал на денот Педесетница.

*Сабота, 13 јануари 2024*

**Распрсната црква**

Многу адвентисти знаат како да ја наполнат црквата. Тие ги повикуваат своите пријатели на црковните состаноци, на евангелизациите и другите активности во рамките на месната црква. Тоа е во ред, но тоа не ја сочинува целата слика што Исус ја дал. Црквата не е зградата, туку луѓето. Поради тоа, каде што се луѓето, таму е и црквата. Во понеделник црквата може да биде канцеларијата, фабриката или центарот за рекреација. Кога верниците се дружат со оние што не го познаваат Бога, на своето работно место, на рекреација, тие стануваат распрсната црква. Големиот налог мора да ги воспита своите верници да бидат „црква" и на работа и во игра.

Премногу долго ја раздвојувавме работата на црквата од вработеноста и рекреацијата. Дојде време да ги споиме овие активности. Ние не живееме повеќе според старозаветниот модел. Не можеме да чекаме луѓето да дојдат кај нас. Исусовата заповед е спротивна со старозаветните прописи. Тој нè повикува да одиме во светот и

луѓето да ги направиме Христови ученици. Црквите не треба повеќе да се однесуваат според старозаветниот модел, туку според содржината на Големиот налог. Време е нашите цркви да ги пренасочиме кон новозаветната основа.

Некои сметаат дека треба повеќе да го нагласиме делот кој вели дека другите треба „да ги направиме ученици", отколку делот кој вели дека треба да „одиме". Тоа звучи добро, но факт е дека библискиот текст повеќе го нагласува делот „да одиме" отколку делот кој вели дека треба „другите да ги направиме ученици". Тоа не ја намалува целта на создавањето ученици, туку покажува дека тоа треба да го направиме откако ќе „одиме", а не да чекаме луѓето самите да дојдат во црква, како што било во Стариот завет.

Црквата може да се задоволи со тоа што ќе седи и ќе ги негува луѓето за да станат подобри христијани. Исусовиот повик е јасен: црквата мора да оди, и во тој процес другите да ги направи Исусови ученици.

Целта на големиот налог е создавање „распрсната" црква, како преовладувачки облик на црква во куќите, становите, фабриките и игралиштата, наспроти црквата собрана во црковните градби. Тоа не значи дека не ни е потребна „собирна" црква, но таа не треба да биде примарен нејзин облик. Вистинската црква, според големиот налог, е црква распрсната како сол во општеството. Во постапката на создавање на распрсната црква ние сме повикани другите да ги направиме ученици. Тука треба да ги опфатиме луѓето од општеството со кои сме секојдневно поврзани.

Црквата отсекогаш била насочена да се задоволи со она што го постигнала, без да го преземе следниот чекор. Исус не можел да употреби посилна заповед од Големиот налог. Тој бара Неговите ученици да одат. Овој силен налог дури трипати е повторен во евангелијата (Марко 2,11; Матеј 11,4; 28,7). Во сите овие ситуации на луѓето им се наредува некаде да одат. Тоа би можеле да го преведеме и на следниот начин: „Тргни". Бидејќи Христос е нашиот воскреснат Господ, ние, како Негови ученици, мора да излеземе во општеството и да најдеме можност да воспоставиме допир со луѓето кои не се поврзани со Исус.

Ова не е заповед која Исусовите ученици би можеле да ја занемарат. Тој не ги моли да одат меѓу народите, туку им наредува да го направат тоа. Тоа подразбира итност. Други текстови покажуваат дека требало да чекаат да примат силата, при што чекањето било ограничено на десет дена. Потоа дошла Педесетница, слегол Светиот Дух и Црквата ја примила ветената сила за остварување на својата задача. Повеќе немало потреба за чекање. Силата што се спуштила за време на Педесетница, сега им била целосно достапна на учениците. Затоа итноста на Големиот налог ја поттикнува црквата да се вклучи во остварување на Христовата задача.

*Сабота, 20 јануари 2024*

**Задачата на Големиот налог**

Во што се состои Христовата задача? Според Големиот налог, другите луѓе треба да ги направиме ученици, крштавајќи ги и учејќи ги за Исусовите заповеди. Задачата опишана во овој налог се сосредоточува на три работи: правење ученици, крштавање и поучување. Тоа значи дека задачата не е остварена сè додека не се завршат сите три работи.

Според тоа, Христовиот налог е втемелен на оваа основна функција: правење ученици, крштавање и поучување. Црквата може да тврди дека го исполнува евангелскиот налог само ако ја следи оваа тројна формула. Сите три задачи го сочинуваат процесот „Одете“. Кога црквата ќе се распрсне по светот, таа од другите прави ученици, ги крштава и ги поучува. Затоа црквата која само крштава луѓе, без да направи од нив ученици и без да ги поучува е непослушна на Христа. Ако црквата прави ученици од луѓето без да ги крсти, исто така е непослушна на Христа. Ако некоја црква ги учи луѓето да ги почитуваат Христовите заповеди, но од нив не прави ученици и не ги крштава, таа не ги поучува според Христовите зборови и е непослушна на Христа. Господовата заповед е толку јасна што не можеме да ја сфатиме погрешно. Но сепак, таа е една од најпогрешно

сфатените заповеди во современото христијанство. Црквата трагично го занемарува исполнувањето на Големиот налог, не затоа што не може верно да проповеда и крштава, туку затоа што не ја гледа апсолутната потреба да ги изврши овие задачи.

Во текот на историјата на христијанството, Црквата во различни времиња нагласувала некоја од трите димензии на задачата, но ретко кога посветила исто внимание на сите три заедно. Во многу случаи вниманието било насочено кон играта со броеви, во која целокупниот нагласок бил ставен на крштавањето и притоа воопшто не се размислувало за учеништвото и поучувањето. Само едновременото нагласување на сите три дела може да го исполни Големиот налог на нашиот Господ.

*Сабота, 27 јануари 2024*

## Ученик

Нашиот збор ученик е преведен од грчкиот збор mathetes. Настанал во Грција каде што ученикот го следел својот учител со цел да стекне теоретско и практично знаење. Во Новиот завет се употребува за да ја покаже целосната поврзаност на ученикот со некоја личност. Да се биде ученик во новозаветна смисла, значи да се живее во заедница со оној кој ве учи. Во оваа заедница ученикот сѐ повеќе учи за таа личност, додека својот живот целосно го покорува на учителот. Овој збор не подразбира нагла промена, туку спор процес во кој некоја личност станува ученик.

Ваквото сфаќање на поимот ученик во новозаветно време ни помага подобро да ги разбереме зборовите во Големиот налог како што се: ученици, крштавање и поучување. Значи, да се биде ученик, тоа опфаќа согласност на личноста да следи некого, а потоа и покорување на нејзиниот авторитет со цел да биде поучувана. Сѐ додека е во состојба на ученик, таа мора постојано да учи. Според тоа, она што го очекува човекот пред крштавањето, е целосно покорување на Христовиот авторитет и готовност да живее во целосна покорност. Тоа треба да го прави додека учи од Него и додека живее под Негова власт.

Зборот ученик повеќе ги отсликува личностите кои седат околу учителот отколку покајниците што коленичат пред олтарот. Значи, повеќе се работи за образовен отколку евангелски процес, налик на училиште а не процес на пробудување. Прозаичниот карактер на овој збор во основа вели: „Работете со луѓето во образовниот процес на поучување на луѓето за Исуса.“ Само Создателот може да направи големи дела како што се обратувањето, придобивањето, наведувањето на покајание или поттикнувањето на одлука, бидејќи Тој ја има целокупната власт во свои раце. Учениците мора да го направат останатото за другите, односно да ги направат ученици. Тоа треба да го прават поминувајќи време со луѓето, уверени дека Спасителот порано или подоцна кај нив ќе создаде желба за крштавање.

*Сабота, 3 февруари 2024*

**Како да се стане ученик**

Големиот налог покажува дека Исусовата цел била создавање ученици. За да се крсти некој човек, тој мора да стане ученик, а да се развива како ученик мора да биде поучуван. Луѓето треба да ги крштаваме кога ќе стигнат до првата фаза на ученштвото. Во тој момент тие стануваат ученици, иако не се целосно зрели. Затоа Исус препорачува да ги крстиме овие штотукусоздадени ученици и да продолжиме да ги поучуваме во согласност со моделот на трајно создавање ученици. Имајќи го ова на ум, ќе испитаме што рекол Исус за начинот на кој се станува ученик. Исус мислел на овие работи кога им рекол на своите следбеници другите да ги направат ученици. Изјавите кои ќе ги испитаме, ни ги покажуваат важните работи кои се потребни еден човек да стане ученик. Тој разговара за почетното создавање ученици кое е многу потребно пред крштавањето, а не за создавање ученици по крштавањето. Првиот текст, кој зборува за тоа што значи да се биде ученик, го наоѓаме во Матеј 10,24.25: „Ученикот не е над учителот, ниту слугата над својот господар. Дос-

та му е на ученикот да стане како неговиот учител и на слугата како неговиот господар. Ако стопанот на куќата го нарекоа Велзевул, колку повеќе неговите домашни!“

Овој цитат покажува дека оној кој станува ученик воспоставува однос во кој учи од својот учител. Ученикот е оној кој е подготвен да учи. Значи, тој е поучлив, а ваквиот дух е многу важен услов за оној кој треба да се крсти како Исусов ученик.

Овој цитат исто така покажува дека оној кој станува Христов ученик, може да очекува со него да се постапува како со Исуса, значи со исмевање и прогонување. Кога луѓето ќе поверуваат во Исуса, многу тешко ги поднесуваат искушенијата на кои е изложена нивната вера. За да биде способен ученикот да се одбрани од овие напади, тој, пред да стане ученик, мора да има основна зрелост во верата во Христа. Поради тоа, во евангелскиот процес на создавање ученици, на луѓето треба да им се помогне да достигнат зрела вера која ќе може да се спротивстави на прогонствата и исмевањето. Ова било особено важно за првите ученици. Многумина од нив го изгубиле својот живот веднаш откако му го предале својот живот на Христа.

Според тоа, создавањето ученици бара сериозно предавање на Христа, но во исто време и многу поучлив дух. Тоа не се случува кога некој се моли со покајничка молитва, туку е последица на растењето во христијанската вера. Значи не треба само да му се покори на Христа, туку да научи својот живот целосно да му го довери на Исуса Христа.

Друг важен услов за начинот на кој Исус го објаснува создавањето ученици, се наоѓа во Лука 14,26.27.33: „Ако некој дојде при Мене, а не ги намрази: татка си и мајка си, и жена си, и децата, и браќата и сестрите, па и својата сопствена душа, не може да биде Мој ученик. Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик. Имено така, ако некој од вас не се одрече од сѐ што има, не може да биде Мој ученик.“

Во овој цитат читаме дека големо мноштво го следело Исуса (25 стих). Ако Исус верувал во масовното пристапување на необратените луѓе во верата, тогаш Неговите зборови упатени на мноштво-

то биле несоодветни и обесхрабрувачки. Постои цена што ја плаќаме кога го следиме Исуса. Тој не сака половични следбеници, туку личности кои целосно застанале на Негова страна. Оние кои ќе одлучат да станат Негови ученици, мора да бидат подготвени да остават сè, вклучувајќи го домот, семејството, роднините, богатството и положбата, доколку тие претставуваат пречки кои ги оневозможуваат да го следат.

За Исуса главен предуслов некој да стане ученик е ученикот целосно да се предаде во Негови раце и да биде подготвен да остави сè за да тргне по Неговите стапки.

Исус вели дека, за да се стане ученик, секој треба да го понесе својот крст. Забележете дека не вели „мојот крст", туку „својот" крст. Бидејќи на него се распнувале робови или осуденици за најголеми злосторства, осуденикот често морал самиот да го носи својот крст до местото каде што требало да биде распнат. Општеството кон нив покажувало омраза и презир. Според тоа, носењето на крстот значело правење на она што Исус го направил кога го носел својот крст без мрморење и жалење. Треба да се истрпат прекорите на пријателите и роднините и со трпение да се поднесе исмевањето. Ученикот мора да биде подготвен да го носи својот крст. На тој начин тој остварува лична заедница со Христа во Неговото страдање. Никој не може да добие поголема чест од оваа.

Религијата којашто Христос ни ја нуди кога нè повикува да станеме Негови ученици, не е религија на удобност и себеугодување, туку религија која бара носење на крстот. Тоа не значи дека христијанинот кој станал Негов ученик поминува мачен живот исполнет со тага, туку радоста ја наоѓа во тешкотиите и неволјите кои настанале поради неговата верност кон Исуса, сметајќи ја најголема предноста што може да страда за Него. Исус на овој свет не ни ветува удобност и лесен живот, туку внатрешен мир и среќа. За да ги стекнеме овие работи мора радосно да го носиме својот „крст".

Оваа Исусова изјава за почетокот на учеништвото повеќе ја нагласува лојалноста отколку интелектуалноста. Да се биде ученик значи целосна и безрезервна преданост на Христа како личност, а не само прифаќање на фактичките работи поврзани за Неговата

личност. Тоа не значи дека разбирањето на темелните вистини не е важно за крштавањето, туку разбирањето на доктрината треба да им помогне на луѓето целосно да му се предадат на Христа како личност. Никој не се предава на личност којашто не ја познава. Разбирањето на ученицштвото во контекст на овој цитат треба да им помогне на новите христијани да го запознаат Исуса за да може целосно и безрезервно да му се предадат.

*Сабота, 10 февруари 2024*

**Исус и ученицштвото**

„Затоа Исус им рече на Јудејците, кои Му поверуваа: ’Ако пребивате во Моето слово, навистина сте Мои ученици’“ (Јован 8,31)

Во овој цитат Исус им се обраќа на оние кои веќе му поверувале. Исус на ова место изјавува дека не е доволно само да се верува во Него. Да се биде ученик значи постојано да се почитува Неговата наука. Тоа опфаќа еден подолг процес во кој не е вклучено само почетното доаѓање кај Христа.

Исус ветил дека последицата на постојаното прифаќање на Неговата наука ќе биде запознавањето на вистината. Подоцна Јован ја запишува Исусовата изјава дека Тој е вистината (Јован 14,6). Според тоа, оној кој сака да биде Исусов ученик, мора вистински да го познава Исуса како конечен извор на вистината во животот. За да го постигнеме тоа во евангелската работа, пред да станат ученици, обратениците треба да ги запознаваме со основните Исусови поуки. Ученик е оној кој е послушен на сè што вели Исус, односно во целост ги извршува Неговите заповеди. Нема сомневање дека Исусовите заповеди се извршуваат од љубов кон Исуса, а не поради некоја должност или барање. Ова укажува на силната поврзаност со Исуса како основа на ученицштвото, а послушноста кон Исусовата наука е надворешен плод на таа поврзаност. Ако овој надворешен плод недостасува, тоа покажува дека личноста не станала ученик.

Ученик е оној кој го слуша Христовиот повик и му се придружува. Во еврејски контекст, поимот ученик значи многу повеќе откол-

ку во грчкиот контекст. За Грците ученик можел да биде и чиракот. Во Новиот завет тоа значи целосна лојалност. Тоа се гледа во нагласувањето на поучувањето при создавањето ученици.

Следниот текст за учeништвото е многу краток. Го наоѓаме во Јован 13,34.35: „Ви давам нова заповед: да се љубите еден со друг; како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици - ако имате љубов помеѓу себе!”

Љубовта е апсолутен и непогрешлив тест во процесот на станување ученик. Може да кажеме дека некој станал ученик ако има безусловна љубов како Исусовата. Тоа не значи дека оваа љубов е совршена, туку дека во животот на ученикот мора да се види Исусовата агапе љубов. Со тоа Исус ни дава можност да го преиспитаме нашето учeништво. Ако Големиот налог ни вели другите да ги направиме ученици, тогаш создавањето луѓе кои ги нарекуваме христијани, без присуство на Христовата љубов во нивните срца, значи погрешно толкување на Христовото евангелие.

*Сабота, 17 февруари 2024*

**Ученикот и сведочењето**

Првата црква не можела својот успех во толкава мера да го припише на исправната методологија, колку на доследното сведочење. На тој начин во својот живот таа ги покажала јасните обележја на учeништвото, онака како што Исус ги покажувал во својот живот. Трагедија се случува кога „мноштвото“ се доведува во црква без јасните докази за учeништвото. Така се разорува природното сведочење на црквата и се ослабнува самото христијанство. Упатствата што Исус ѝ ги дал на црквата за создавањето ученици изгледа требало да го спречат развојот на црквата која го занемарува сведочењето. Исус сакал да го придобие мноштвото, но тоа сака да го направи со „вистинско“ а не со вештачко христијанство.

Последниот текст во кој Исус зборува за создавањето ученици

се наоѓа во Јован 15,8: „Мојот Татко се прославува со тоа, што ќе давате многу плод и ќе бидете Мои ученици.“

Поврзаноста со Христа значи донесување плод. Плодот е неизбежна последица на таквата заедница. Ако нема плод, тогаш нема создавање ученици. И ова е една од Исусовите проверки со чија помош црквата може да одреди дали некој станал ученик или не. Тој мора да роди плод. Како се манифестираат плодовите?

Некој ќе рече дека Исус ги имал на ум плодовите на Духот кои ги опишал апостол Павле во посланието до Галатјаните. Меѓутоа, Исус зборувал пред Павле. Во контекст на овој цитат, Исус зборува за себе дека е лозар, а неговите ученици прачки. Прачките треба да родат плод благодарение на цврстата поврзаност со лозата. Во спротивно тие ќе бидат неплодни.

Изгледа дека целиот контекст на овој цитат е сосредоточен на разбирањето на задачата. Христијанинот кој нема да роди плод со создавање на други ученици, всушност и не е ученик. Според тоа, невозможно е да се биде Исусов следбеник без да им се зборува на другите за Исуса. Учениците не само што треба да зборуваат туку и да создаваат ученици. Во спротивно, тие не можат да се сметаат за ученици. Тие ги повикуваат другите да станат доживотни ученици. Исус сака да донесеме голем род, а тоа не значи случајно придобивање на обратеници во животот, туку целосна тенденција во извршување на ваквото дело.

*Сабота, 24 февруари 2024*

### Учеништвото и евангелската работа

Ваквото толкување на учеништвото силно влијае на евангелската работа бидејќи упатува на заклучокот дека луѓето, додека учат да станат ученици, и самите треба да бидат поучени во задобивањето на душите. Ако придобивањето луѓе за Исуса претставува нераскинлив дел на учеништвото, на кој начин евангелската работа може да го заобиколи поучувањето при задобивањето на душите? Во

спротивно, луѓето влегуваат во црква предавајќи се себеси на Христа, а останатиот дел на животот го поминуваат служејќи си на себе а не на другите. При целосното применување на ова сфаќање, Црквата мора новообратените да ги опфати со програмата на поучување за да може веднаш да ги вклучи во некоја од службите во согласност со нивните духовни дарови. За да може тоа да се оствари во месната црква, потребна е структура, за којашто зборува книгата „Револуција во црквата". Тоа значи дека луѓето кои се придружуваат на црквата, ги откриле своите дарови и го нашле своето место во црковното тело. Трагедијата на современиот адвентизам е во тоа што основаме цркви полни со верници кои никогаш не станале ученици. Поради тоа многу мал дел од нив се вклучени во службите. Образувањето на верниците можеби изгледа тешко. Но, многу полесно е да се почне со новообратените така што ќе се промени начинот на евангелска работа, што значи сите кои влегуваат во црквата треба да бидат свесни дека мора да го откријат своето место на служење.

Во повикот да се стане Исусов ученик е содржан и повик да се биде христијанин кој ќе донесува родови. Во таа смисла, Исус изјавува дека не постои христијанско учеништво ако личноста не е вклучена во создавање други ученици. Ова е поврзано со големиот налог во кој Исус бара од своите следбеници да одат и другите да ги направат Негови ученици. Секој ученик би требало да биде духовен родител на друг ученик кој е во процес на растење.

Секој вистински ученик во Божјето царство се раѓа како мисионер. Во таа смисла, обратувањето значи промена на оние кои „не биле народ" во Божји народ кој служи активно вклучен во Христовото тело.

Всушност, треба да разбереме дека целосното и комплетно обратување во библиска смисла е троен процес кој опфаќа (1) обратување кон Бога во Исуса Христа, (2) Обратување кон црквата, како Христово тело и (3)обратување кон службата насочена кон светот за кој Исус умрел.

Ова покажува дека во нашата методологија на евангелизирање и подготовка за членство во црквата на новите ученици, треба да

им дадеме доволно информации со кои ќе им се овозможи да стекнат доволно искуства во процесот на создавање на нови ученици. Овој процес мора да стане дел од почетниот повик на создавање ученици. Не треба да ги повикуваме луѓето да станат ученици без да им упатиме повик и другите да ги прави ученици. Ова упатува на процес кој води кон обратување, а не брз одговор на повикот да го прифати Христа и да се крсти.

*Сабота, 2 март 2024*

**Прогонство и остварување на задачата**

Исус рекол дека постапката на создавање ученици мора да започне во Ерусалим, а потоа да се прошири на сите народи. Првите неколку години учениците го следеле овој план. А потоа се појавила опасност младата црква да се развие во уште една еврејска заедница која нема да ја пренесе веста на сите народи. Со цврста база воспоставена во Ерусалим, Светиот Дух сега морал да ги прати кај другите народи за да ги направат Негови ученици.

„Прогонството кое дошло во ерусалимската црква дало голем потстрек во ширењето на евангелието. На тоа место службата со зборови била успешна и така постоела опасност учениците предолго да се задржат на едно место, занемарувајќи го налогот на Спасителот да одат низ целиот свет. Заборавајќи дека силата за спротивставување на злото најдобро се стекнува со енергична служба, почнале да мислат дека ништо не е толку важно како одбраната на црквата во Ерусалим од непријателските напади. Наместо да ги учат новите верници да ја однесат радосната вест на оние кои сè уште не ја слушнале, тие биле во опасност да се задоволат со она што било направено. За да ги распрсне своите претставници на места каде што ќе можат да работат за другите, Бог дозволил да бидат прогонувани. Истерани од Ерусалим, верниците поминувале од една во друга област проповедајќи го Божјето евангелие.“

Прогонството кое се случило во Ерусалим довело до нагло ши-

рење на христијанството меѓу народите. Неверојатната служба на апостол Павле брзо придонела до интернационализација на христијанството.

Изгледа дека новозаветната црква била обземена со само една цел, а тоа било исполнување на големиот налог. Ништо не можело да ги одврати од оваа цел.

„Секој христијанин во својот брат гледал божествена слика на добрина и љубов. Преовладувал само еден интерес и постоела само една цел. Сите срца складно чукале. Единствениот копнеж на верниците бил да покажат сличност со Христовиот карактер во работата на ширење на Новото царство.“

**Причина за постоењето на црквата**

Ова единство покажува дека новозаветната црква јасно сфатила дека причината за нејзиното постоење е другите народи да ги направи Негови ученици. Всушност, првата црква и не можеме да ја разбереме ако ја одвоиме од нејзината свест за задачата која требало да ја изврши. Таа ја опфаќа целокупната нивна работа, бидејќи црквата постоела исклучиво поради остварување на Исусовиот голем налог, од другите народи да направат Негови ученици.

Може да се прашуваме како некоја црква во наше време може да тврди дека е црква на Исуса Христа ако не е вклучена во остварувањето на Христовата задача која Тој ја дефинирал како создавање ученици. Кога црквата ќе ја изгуби причината за своето постоење, таа може да стане општествен клуб, но не и црква на Исуса Христа. Само црквата која вистински настојува другите да ги направи ученици може да тврди дека е црква која Исус ја основал со цел да се создаваат нови ученици.

„Секој што го признава Исуса Христа како свој Господ и Спасител мора копнежливо да сака и другите да го запознаат и да се радува кога ќе се умножува бројот на оние кои го посакуваат тоа. Кога нема да постои таквата желба, ќе мора да се запрашаме дали нешто не чини во средиштето на црковниот живот.“

Бидејќи многу денешни адвентистички цркви повеќе не покажуваат мисионски особини како првата црква, нешто мора да оди

во сосема погрешен правец. Тоа е отсутноста на мисионскиот начин на размислување. Оваа насоченост кон задачата мора повторно да биде оживеана во денешната црква, ако таа сака да биде верна на задачата која ѝ била доверена од Учителот. Црквата мора повторно да се обиде другите луѓе да ги направи ученици. Тоа значи дека мора да размисли за сѐ што прави, постојано имајќи го на ум исполнувањето на Христовата задача.

*Сабота, 9 март 2024*

**Црквата во светот**

Повеќето адвентистички цркви во денешно време поголемиот дел од времето го поминуваат служејќи им на оние кои веќе претставуваат дел од целокупното тело. Тие одамна биле ученици. Бидејќи не се поучени за ученииштвото, верниците не се подготвени да одат во светот и другите да ги направат ученици. За нив постои голема разлика меѓу црквата и светот во којшто работат. Но за првата црква овие два света биле претопени во еден, бидејќи за нив не била толку важна „собирната“ црква. За нив суштината на црквата била во распрснатоста по светот, како „сол“ во потрага по други ученици.

Целта на мисионски насочената новозаветна црква била да оствари одредена задача, додека на денешната црква веројатно највисоката цел и е намерата да ја зачува сопствената светост. Последица на ваквото однесување е што повеќето цркви поголемиот дел од своето време, енергија, талент и пари го поминуваат во настојување да се одржи светоста. Божја намера е црквата постојано да се шири и да излегува надвор од заштитните ѕидови во светот на кој му е потребна спасоносната вест за ученииштвото во Исуса Христа. Исус нѐ повикува да се откажеме од својата удобност и сигурност и да излеземе надвор од ѕидовите на нашите цркви со цел да ги придобиеме оние кои не го познаваат Исуса Христа. Како што Исус ја оставил сигурноста на небото за да нѐ спаси, така нѐ повикува и нас, ка-

ко негови ученици, да ја напуштиме сигурноста на нашите удобни цркви за да го однесеме Христа во реалниот свет надвор од границите на црквата.

Изгледа дека со денешната црква завладеал менталитетот на „гето". Поради тоа нашите верници задоволно си „играат црква" додека градот Рим гори. Христијаните живеат во црковна атмосфера. Сите нивни пријатели се на „сигурно" во црквата. Нивните слободни активности се сосредоточени на црквата, а програмите во црковните згради се наменети за нив самите. Поради тоа, освен пасторот и малиот број волонтери, на евангелизациите многу верници не учествуваат во работата затоа што не сакаат да станат и да им отстапат место на пријателите во преполната црковна сала бидејќи се сосредоточени само на себеси. Тие сакаат предавањата да бидат насочени кон нив самите и на нивните потреби, а не кон оние кои штотуку треба да ја слушнат вистината за Исуса Христа. Се однесуваат како мисионско поле, а не како мисионери. Тоа значи дека би требало повторно да се обратат и одново да се крстат.

Современиот „ученик" ја одвојува својата работа во светот од работата за Христа. Поради тоа во животот на просечниот христијанин во текот на седмицата воопшто нема мисионско дејствување.

Со одвојувањето на работата од црквата, христијаните многу малку можат да дејствуваат на светот околу себе. Оние кои се наоѓаат надвор, ја отпишале црквата како организација која нема врска со сегашниот свет. Ја сметаат за остаток од минатите времиња. Тоа е природна последица на фактот дека црквата ја занемарува Христовата задача. Црквите кои би требало да бидат насочени кон остварување на задачата, се насочени кон самите себе, што предизвикува да нема никаков раст во црквата. Ова го забележал авторот Кент Хантер:

„Кога не постои раст, грешката не е во Божјиот налог, туку во пропустот на верниците. Секогаш кога црквата како организам не живее и не расте, тоа е поради фактот што верниците не го следат Учителот. Заборавиле да ја извршуваат Неговата волја... За среќа, постои покајание. Црквата ќе почне да расте кога Божјиот народ ќе тргне да го следи Неговиот налог."

*Сабота, 16 март 2024*

## Послушна црква

Адвентистичката црква отсекогаш тврдела дека е Божја црква на остатокот бидејќи ги извршува сите Божји заповеди. Дали е точно дека некоја црква може да се смета за црква на остатокот, ако не ги извршува сите Христови заповеди? Тоа би значело дека црквата, која сака да биде Божји остаток, мора да го прифати големиот налог чија примарна цел е другите луѓе да се направат Негови ученици. Црквата која не работи на ваков начин, не може да се нарече Божји остаток. Ваквата непослушна црква треба да се покае поради пропуштањето на можноста да го извршува големиот налог. Дојдено е време адвентистичките цркви сериозно да се запрашаат дали верно го исполнуваат Големиот налог? Ако не го извршуваат тогаш треба да се покаат поради својата непослушност. Времето премногу одминало за да може црквите лаодикејски да живеат во рамнодушност, додека светот наоколу пропаѓа. Дојдено е време за сериозно покајание на гревовите поради пропуштањето на можноста да ја оствариме големата Исусова желба сите луѓе да ги направиме Негови ученици.

Потребата на денешната црква е обновување на чувството за задолжение кое ја придвижувала првата црква со цел другите да ги направи Негови ученици. Оваа работа е суштина на задачата на големиот налог. Црквата во денешно време не смее да се занимава со развивање теологија на барање на изгубените, туку теологија чија цел е создавање ученици. Задачата на црквата не е само проповедање на радосната вест, туку и доведување на изгубените кон Христа со цел да станат ученици во вистинската библиска смисла. Првата црква не само што ги барала изгубените туку успевала и да ги пронајде. Таа силно растела и напредувала бидејќи за своја главна одговорност ја сметала работата на барање на изгубените со цел да ги направи ученици.

### Интернационализирање на црквата

Првите навестувања за разликата во културите ги наоѓаме во Дела 6 глава, набргу по Педесетница, каде што грчките христијани од

евреjството се пожалиле дека заедницата од арамеjско говорно подрачjе ги занемарила нивните вдовици при секоjдневната поделба на храната. Интересно е што не се жалела арамеjската туку грчката заедница. Зошто? Арамеjската заедница ја сочинувале првите христијани, додека грчката била понова група. Иако и двете биле со еврејско потекло, постоеле разлики во културата.

Најинтересен пример како првата црква културолошки се прилагодила на групите кои го прифатиле евангелието наоѓаме на ерусалимскиот собор (Дела 15 глава). Наглото ширење на христијанството кое ги надминало еврејските корени благодарение на трудот на апостол Павле и неговата служба меѓу незнабожците, довело до основање на многу христијански цркви меѓу граѓанството кое не било со еврејско потекло. Дали треба еврејските обичаи да им се наметнат на овие верници од незнабоштвото? Со други зборови, дали незнабожците најпрвин треба да станат Евреи за да можат да станат и христијани?

За да одговори на ова темелно прашање, црквата требало да ја дефинира суштината на христијанството, односно културолошкиот поглед на таквото христијанство. За секоја црква најтешко било да се раздвои културата од суштината. Дела 15 глава покажуваат дека првата црква знаела да го направи тоа. Но ѝ било многу тешко да ги прилагоди обичаите на различните култури без да ги смета за отпад од она што е важно за верата. Резултатот бил умножување на учениците во целото римско царство. Христијанството престанало да биде еврејска заедница, бидејќи бројот на обратеници од незнабоштво скоро го надминал бројот на верници од еврејството.

На тој начин и адвентизмот ја доживеал интернационализацијата на црквата. Со оглед на нејзиното американско потекло во 19 век, било лесно да се прилагоди културата на Северна Америка во развојот на адвентизмот по светот. Но, како што се ширел адвентизмот по светот, во одредени земји се развиле различни културолошки предизвици на верата. Американците тешко ги сфаќале разликите во културите меѓу адвентистите во разните делови на светот. Сакаме да постапуваат како што постапуваме и ние. Во поголемиот дел на историјата на адветистичката црква, Северна Америка управувала со црквата и ја надгледувала разноликоста на културите. Меѓу-

тоа, како што црквата растела по светот, бројот на Северноамериканците во однос на другите, пораснал на еден спрема десет, и на тој начин Северна Америка не можела повеќе да управува со црквата. Тоа станало болно јасно за време на заседанието на Генералната конференција во Утрехт.

Кога адвентизмот се сродил со одредени култури, а водството го презеле домашните луѓе, Црквата почнала да расте многу побрзо од времето кога била под северноамериканска управа. Во адвентизмот се случило она што ѝ се случило на првата црква. Повторно било потврдено дека црквата најдобро расте кога е под домашно водство, прилагодено на месната култура.

*Сабота, 23 март 2024*

**Елена Вајт и промените во пристапот на евангелизирање**

Елена Вајт ја повикува денешната црква со истиот повик со кој апостол Павле повикувал во свое време. Иако била непопустлива кога се работело за промена на евангелието, Елена Вајт постојано ја повикувала црквата да бара нови методи во придобивањето на луѓето. Да забележиме некои нејзини сериозни изјави:

„Во денешните градови во кои многу работи ги привлекуваат луѓето, ние не можеме да ги заинтересираме со нашите вообичаени напори... Вложете посебни напори за да го привлечете вниманието на мноштвото... Употребете ги сите средства што можете да ги смислите со цел јасно и одредено да ја изнесете вистината.

Методите и средствата со кои постигнуваме одредени цели, не се секогаш исти. Мораме да го употребиме разумот и расудувањето... За да ги спасиме различните луѓе, мора да се послужиме со различни методи.

Како што влегуваме во различните полиња, така ќе се појавуваат и нови методи и планови кои ќе ни ги наметнуваат околностите. Со нови работници кои се посветени на работата, ќе дојдат и нови мисли и идеи. Кога ќе бараат помош од Господа, тој ќе им се јави. Ќе добијат планови кои Господ ги смислил.

Црковната организација... не треба да пропише точен начин на кој треба да работиме... Не смее да има забетонирани правила. Нашата работа треба да биде прогресивна и секогаш треба да оставиме простор за подобри методи.

Некои методи ќе се разликуваат од оние кои се употребувале во минатото. Поради тоа никој не треба да го попречува патот во работата. Не смеат да постојат нељубезни критики и рушење на туѓата работа".

Елена Вајт јасно зборува дека црквата треба да се служи со различни методи. Дури изгледа и дека го очекува противењето на верниците на новите начини на работа во придобивање на луѓето. Таа многу појасно знаела да ги разликува методите од веста, за разлика од многу денешни цркви. Таа цврсто се држела до суштината на адвентизмот и ја поттикнувала црквата да развие нови средства за придобивање на луѓето. Дали може црквата на почетокот на 21 век и понатаму да ги одбива нејзините совети?

Црквите истовремено мора добро да внимаваат да не прават компромис во поглед на верата. Црквите кои се трудат да се адаптираат на културата, на крајот стануваат слични на околниот свет што се губи секоја разлика меѓу нив. Таквите цркви престануваат да растат, бидејќи луѓето повеќе не ја гледаат предноста што некој ќе стане верник. Исто така, црквите кои ја нагласуваат разликата меѓу црквата и светот, стануваат толку поинакви, што повеќе немаат никаква вест за светот околу нив. И тие цркви ќе престанат да растат. Советите на Библијата и Елена Вајт повикуваат современиот адвентизам да ги избегне овие две крајности. Адвентизмот мора постојано да се држи до силните библиски уверувања, а истовремено да се адаптира на културата на групите кои сака да ги придобие.

Црквата која својата вест сака да ја прилагоди на културата, мора добро да се чува да не ја прифаќа културата затоа што тоа „добро функционира". Причините за прилагодувањето на културата мора да потекнат од мисионерската свест на првата црква и големиот налог што сме го добиле. За негово остварување помеѓу народите е потребна културолошки хармонизирана меѓународна црква.

Таа не смее да ја прифати културата само за да се прилагоди на денешното општество. Добар дел од сегашната култура на адаптираност нема врска со нашата мисионска задача. Чувствителноста на културата има смисла само во рамките на Христовата задача изразена во Големиот налог.

Големиот налог и сосредоточеноста на задачата на првата црква денеска бара од нас црква адаптирана на културата. Денешната црква мора своите теолошки темели да ги гради на цврста почва, како што го прикажал апостол Павле во доктрината напишана во 1. Коринќаните 9 глава. Таа била прилагодена на тогашната култура.

*Сабота, 30 март 2024*

**Ученици кои не зависат од свештенството**

Првата црква не само што развила културолошки соодветен пристап со цел да го оствари големиот налог, туку развила и план за раст изграден на идејата за создавање ученици, а не обратеници кои зависат од свештенството. Целта на првата црква била создавање ученици кои ќе бидат независни од клерот (свештенството) за да им го однесат евангелието на другите луѓе.

Оваа мисла го следела Павловиот план за основање на цркви, како и целокупниот раст во Новиот завет. Павловиот план бил основање на нова црква во некоја нова културна група. Тој останувал со црквата толку долго додека не бил сигурен дека новосоздадените ученици и извежбани водачи се преокупирани со идејата за создавање ученици. Дури потоа ја напуштал и одел да основа нови цркви. Новите цркви не зависеле од него или од другите апостоли. Кога го примале евангелието, црквите добивале целосна власт да продолжат да го шират евангелието на својата територија и пошироко од неа. На овој начин црквата постојано растела.

Кога првата црква би ги основала црквите на начин на кој го правиме ние во денешно време, со именување на пастор над секоја нова заедница, последицата на тоа би биле слаби цркви составени од

незрели христијани кои воопшто не биле ученици. Но, првата црква не работела така. Исус на нејзините членови им наложил да одат и другите да ги направат ученици. Тие ученици не биле млаки обратеници, туку вистински ученици според описот на Исуса Христа. За да биде некој ученик тој морал да биде самостоен и независен од другите христијани. Само така може да остане духовно жив. Новозаветните христијани својата духовност ја сочувале со тоа што другите постојано ги правеле ученици. Само така верата можела да остане жива. Тоа го забележува и авторот Роланд Ален:

„Таму каде што највеќе се помагало, црквите биле слаби, безживотни и беспомошни."

„Ништо толку не може да нè ослаби како навиката на зависност од другите за работите кои самите можеме да ги направиме".

Новозаветната црква, а особено апостол Павле, добро ја разбрала загриженоста што ја истакнал и Ален со изјавата дека зависноста ги ослабува христијаните. Но, повеќето цркви функционираат токму според моделот на зависност. Многу администратори се двоумат да основаат нови цркви бидејќи црквата нема пари да го издржува пасторот за новата група верници. Новозаветната црква не се грижела за вакви работи, бидејќи новите цркви не морале да обезбедат пастори. Новите цркви именувале водачи кои биле поучени, но тие ни најмалку не биле слични на денешните пастори кои ја водат црквата. Тие биле лаици. Месната црква дејствувала независно од платените пастори. Кога новозаветната црква би ја поддржувала идејата за платени пастори, нејзиниот раст би бил сведен на нула.

Моделот на раната христијанска црква го прифатиле и првите адвентисти. Нивното свештенство првенствено било посветено на евангелизирањето и основањето нови цркви. Првите 50 години од адвентистичката организација немало пастори кои ја воделе месната црква. Месните, домашни старешини ја воделе црквата која се грижела за себе и го евангелизирала своето подрачје. Адвентистичкото свештенство во почетокот било слободно да евангелизира нови подрачја и нови цркви во нови земји. Кога адвентистите го прифатиле моделот на зависност и поставиле пастори над месните цркви, растот на црквата почнал да опаѓа. Еден од најневообичае-

ните примери на развој на адвентизмот е случајот со подрачјата кои го прифатиле моделот на зависност и, како такви, тие покажуваат речиси никаков раст на црквата. Подрачјата во светот кои денеска функционираат според моделот на ранохристијанската црква, каде што пасторите имаат дваесет или повеќе цркви, со цел првенствено да дејствуваат како адвентисти, денеска покажуваат највисок степен на раст на црквата.

Градиво за саботна школа
За подобра саботна школа
1/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Уредил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба